Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-365/11
30-08-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-365/1 од 8.4.2024 година поднесена од [redacted] против директорот на [redacted], за извршена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование во областа на работата и работните односи сторена од страна на директорот на [redacted] – [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-365/1 од 8.4.2024 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted].

Согласно наводите од претставката, подносителката е вработена во [redacted] Скопје како професорка по англиски јазик, и предметната претставка за заштита од дискриминација ја поднесува против директорот на училиштето тврдејќи дека наведеното лице постапува спротивно на Законот за работните односи, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Универзалната декларација за човекови права.

Во претставката за заштита од дискриминација се истакнати наводи дека директорот на училиштето не ги спроведувал програмите за спречување на дискриминација и поттикнувал мобинг, психичко вознемирување и нетолеранција преку спроведување на активности кои не поттикнуваат партнерски однос на соработка помеѓу вработените. Дополнително на ова, подносителката смета дека директорот ѝ го попречува нејзиното учество во креирањето и спроведувањето на активности за реализација на воспитно – образовниот процес, како и дека не обезбедува еднакви услови во поглед на кариерното и професионалното делување.

Оттука, наводите во претставката се истакнати во неколку точки и тоа:

1. Попречување на професионалниот развој на подносителката на претставката за заштита од дискриминација

Подносителката наведува дека нејзиниот професионален развој е попречен од страна на директорот на училиштето преку изложување на јавните повици за учество на Еразмус+ проект 2022-1-MK01-KA121-BET-000066117 во Шпанија на огласната табла во Домот која е наменета само за воспитниот кадар на училиштето, пропуштајќи истиот да биде објавен на огласната табла во училиштето која е наменета за наставниот кадар. Во врска со ова, подносителката образложува дека наведениот проект има за цел обука за наставни методи, техники, примена на наставна

технологија и проширување на знаењата и компетенциите, поради што смета дека изборот на учесници требало да биде извршен од редот на наставници, а не од воспитувачите кои се вработени во училиштето. Согласно претходно наведеното, во претставката се истакнува можноста дека на овој начин е попречено да сите наставници подеднакво учествуваат во наведениот проект и дека парцијалното објавување на повикот за истиот е направено со умисла на начин на кој се дискриминираат наставниците во [redacted]. Во однос на направениот избор на учесници кој се состои од двајца наставници и двајца воспитувачи, подносителката ги оспорува критериумите според кои се избрани учесниците, како и пропуштањето да бидат наведени причините поради кои таа не е избрана. Оттука, истакнати се и наводи во однос на изборот на вработена приправничка за која подносителката на претставката смета дека е направен избор поради работната позиција на нејзината мајка.

2. Попречување на професионален развој – проект Кипар

Подносителката наведува дека не ѝ било одобрено да учествува на проектот со надворешното училиште.

3. Попречување на реализација на самоиницијативни работилници

Во однос на наведената точка, подносителката наведува дека нејзините иницијативи за реализација на работилници во рамки на училишните активности се попречени и одолговлекувани со барања да за истите поднесува детални описи и извештаи, што тврди дека не е критериум за останатите вработени. Дополнително на ова, истакнати се наводи дека учениците со посебни потреби кои се предмет на манипулација со цел да го откажат учеството неколку дена пред планираното одржување на претставата Dance Challenge. Во врска со организираниот настан „Запознајте ја Македонија преку сетилата", тврди дека останати вработени во центарот одбивале присуство на наведениот настан преку омаловажување на вредноста на истиот и „создавање омраза во Колективот со зборовите – нека Ви плати таа што Ве ангажирала (мислејќи на мене и колешката)".

4. Злоупотреба и неоправдано искористување на интелектуален труд

Подносителката истакнува наводи дека не ѝ бил исплатена сума за еднонеделното учество н Еразмус+ проект во септември 2022 година насловен „Bullying and Cyberbullying In the World of Silence and Beyond", за што во прилог на претставката доставува жалба, одговор на жалба, договор за дело и барања за исплата. Дополнително на ова, во претставката е наведено дека ѝ биле наложувани обврски и услови за учество на обуки, конференции и работилници исклучиво со претходно подготвени трудови, за разлика од останатите вработени кои немале ваква обврска.

5. Попречување на учество на Еразмус+ проекти

Во претставката е наведено дека постои континуирано фаворизирање на исти вработени и нивно ангажирање на проекти, дополнително на одбивање да се доставаат целите за учество во Еразмус+ проекти со што смета дека ѝ е оневозможено учество во наведените проекти.

6. Иземање од колективот

Во однос на наведената точка, подносителката тврди дека таа била единствената вработена која не била поканета на организирана 2-дневна екскурзија за колективот на 9.3 и 10.3.2024 година по повод 8-ми март – денот на жената. Во продолжение на ова, подносителката наведува дека е

дискриминирана по основ организирање и реализација на обуки на знаковен јазик, образложувајќи дека сите останати вработени се информираат и посетуваат обуки освен нејзе, поради што таа самоиницијативно посетува онлајн курсеви за знаковен јазик. Во склоп на оваа точка, истакнати се и наводи дека не ѝ било овозможено онлајн учество на наставничкиот совет, поради тоа што истиот бил закажан во период кога се знаела дека таа е отсутна, последователно на што не ѝ било одобрено побараното онлајн следење на советот.

Во прилог на претставката за заштита од дискриминација беше доставена следната документација:

- Повик за пријавување за учество во мобилност во Еразмус+ проект 2022-1-МК01-КА121-VET-000066117 бр. 03-133/1 од 15.3.2024 година;
- Емаил комуникација за пријавување на учество на претходно наведениот проект од 15.3.2024 година, заедно со прилози CV и мотивациско писмо;
- Одлука за избор на наставници/воспитувачи за учество во претходно наведениот проект бр. 03-133/2 од 25.3.2024 година;
- Емаил испратен до директорот на [redacted] во кој е содржано барање за учество во проект со надворешен соработник како претставник на училиштето, заедно со писмо за поддршка, за кое подносителката тврди дека ѝ било игнорирано;
- Барање за реализација на работилница бр. 03-124/1 од 14.3.2024 година, заедно со писмен одговор во ракопис од директорот на центарот со барање да биде доставен детален отчет за работилницата;
- Жалба поради неисплата на средства за Еразмус+ проект „School bullying" заведена под бр. 04-563/1 од 26.12.2023 година;
- Одговор на жалба бр. 04-563/2 од 15.1.2024 година;
- Договор за дело бр. 03-08/157 од 27.4.2023 година;
- Барање за исплата на средства за Еразмус+ проект „Запознајте ја Македонија преку сетилата" заведено под бр. 04-56/1 од 2.2.2024 година;
- Барање за исплата на средства за Еразмус+ проект „Bullying and Cyberbullying in the World of Silence and Beyond – Be CyberWise" заведено под бр. 03-129/1 од 15.3.2024 година;
- Емаил комуникација помеѓу подносителката на претставката и друга вработена во ДУЦОР „Партенија Зографски" која содржи превод на брошура;
- Барање до директорот [redacted] за објавување на целите на Еразмус+ проектите во кои е вклучен ДУЦОР бр. 03-343/1 од 11.3.2023 година;
- Комуникација преку социјалната мрежа Вибер – реакција на подносителкта на претставката согласно тврдење за исклучување од настан организирани за колективот;
- Комуникација преку социјалната мрежа Вибер – барање да на подносителката ѝ биде овозможено онлајн следење на наставничкиот совет на кој немала можност да присуствува физички.

Во однос на дискриминаторска основа врз која подносителката смета дека била дискриминирана согласно претходно истакнатите наводи во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја задолжи да ја доуреди претставката во насока на наведување на предметната дискриминаторска основа, како и дополнување на претставката со наведување на компаратори – лица кои се наоѓаат во споредлива ситуација со подносителката со кои е постапено на нееднаков начин. Оттука, на 15.4.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна доуредување на претставката заведено под арх. бр. 08-365/3. Притоа, во предметниот поднесок подносителката наведува дека извршената дискриминација е врз основа на образование бидејќи истакнатите точки во претставката за заштита од дискриминација се во врска со нејзиниот професионален развој. Во однос на барањето за наведување на компаратор, таа наведува неколку лица кои се вработени во ДУЦОР „Партенија Зографски" Скопје, и тоа [redacted]

[redacted] кои биле избрани за да учествуваат на Еразмус+ проект во Шпанија. Во однос на наводите истакнати во точка 6 од претставката, наведува дека компаратори се сите останати вработени кои биле повикани на организираната екскурзија по повод 8ми март.

На 17.4.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна дополнително доуредување заведено под арх. бр. 08-365/4. Во наведениот поднесок, подносителката истакнува дека на 16.4.2024 година била повикана од страна на директорот на [redacted] со цел да биде известена за анонимна претставка која била поднесена против нејзе пред институцијата на Народниот правобранител. Во врска со ова, во доуредувањето е наведено дека ѝ било дадено да ја прочита претставката и наводите кои ги содржела истата, меѓутоа не ѝ било овозможено да прибави копија од истата во печатена форма за подносителката да ја разгледа подетално. Во врска со наведената постапка која се води пред Народниот правобранител, подносителката на претставката за заштита од дискриминација истакнува дека станува збор за „осмислена хајка против мене како би се нарушил мојот углед во рамки на колективот преку злоупотреба на ученици со посебни потреби (глуви и наглуви)". Во продолжение на ова, во претставката истакнува дека во нејзиното 20 годишно работење како професор ниту еднаш немало никаква забелешка или претставка против нејзе поради нејзиното работење, образложувајќи дека моментално настанатата ситуација е изолиран случај кој воопшто не влијае на воспитно – образовниот процес. Дополнително на ова, подносителката смета дека во претставката (пред Народен правобранител) против нејзе се потенцира употребата на знаковниот јазик односно нејзиното непознавање на истиот, со цел да биде дискредитиран нејзиниот углед во рамки на институцијата. Во врска со ова, подносителката додава дека тројцата ученици кои се наведени во предметната претставка веќе одреден период прикажуваат нетрпение кон нејзе и кон други професори, како и кон воспитувачите и вработените во стручната служба на ДУЦОР „Партенија Зографски". Имено, истакнато е дека подносителката укажала за непримерното однесување на наведените ученици кое се состоело од оштетување на јавниот имот на центарот, користење на недоличен речник при комуникацијата со професор, оштетување на трудови изложени во ходниците на училиштето, одбивање да се присуствува на часови и одбивање да се извршуваат зададените работни задачи, при што подносителката истакнува дека имала сознанија од други ученици дека горенаведените ученици планирале насилен упад во нејзиниот кабинет со цел демолирање на истиот.

Во продолжение на доуредувањето, подносителката наведува дека и покрај нејзините писмени реакции до [redacted] во кои истакнува барања да бидат применети соодветни педагошки мерки и мултидисциплинарен пристап, не се преземени дејствија во насока на истото туку е интервенирано кај Народниот правобранител. Во врска со ова, во доуредувањето на претставката е наведено дека: „Но ова очигледно му одговара на директорот кој во текот на состанокот искоментира „па и мене цело време ми праќаат претставки, да видиш и ти како ми е мене". Ваквиот коментар ни од далеку не доликува на еден раководител на образовна институција и само ми покажува дека најверојатно и тој има придонес во оваа претставка." Согласно претходно наведеното, подносителката на претставката за заштита од дискриминација смета дека целта на [redacted] е да изврши притисок врз неа и да ја принуди да даде отказ од работното место придонесувајќи кон токсична работна средина. Дополнително на ова, наведено е дека еден ДУЦОР „Партенија Зографски" започнал соработка со еден од претставниците на Народниот правобранител во рамки на проектот Чекор по чекор, при што подносителката [redacted] истакнува дека станува збор за лицето кое ја одобрила претставката која е поднесена против нејзе кај Народниот правобранител.

Подносителката исто така наведува дека врз неа се врши дискриминација на начин на кој се осудува употребата на американски и британски знаковен јазик иако истото било опфатено во наставните програми од Бирото за развој на образование во рамки на компонентата Култура.

Во прилог на доуредувањето заведено под арх. бр. 08-365/4 беше доставена следната документација:

- Реакција на подносителката до [redacted] во однос на евидентираните изостаноци на учениците во центарот, бр. 04-171/1 од 9.4.2024 година;
- Видеа и писмени документи кои произлегуваат од соработката на ДУЦОР со Народниот правобранител во рамките на проектот Чекор по чекор;

Во предметното доуредување истакнати се дополнителни точки согласно кои подносителката истакнува поединечни наводи за сторена дискриминација кои гласат:

1. Исклучување од воспитно-образовниот процес/ Исклучување од воспитно-образовниот процес преку игнорирање да се делува

Во однос на наведената точка, подносителката на претставката за заштита од дискриминација во прилог доставува реакција до директорот [redacted] во која се повикува на насоки од Државниот просветен инспекторат во врска со настан во кој биле вклучени ученик чиј класен раководител е подносителката и друга професорка вработена во ДУЦОР, при што подносителката го адресира фактот дека не била официјално информирана за наведениот настан.

Во продолжение доставена е уште една реакција до [redacted] во која истакнува барање да биде изготвен записник со цел покревање на педагошки мерки против одреден ученик во ДУЦОР, со конкретно барање истиот да биде изземен од учество во проект во Романија поради неговото недолично однесување. Во врска со ова, наведено е дека одбивањето да се реагира за наведената работа подносителката го смета како уште еден чин на дискриминација кон неа.

2. Манипулирање со изостаноци

Подносителката на претставката тврди дека за време на нејзино отсуство од работното место поради учество на Денови на Дефектологија во Врњачка Бања, часовите ги заведувала со забелешка дека истите се одржани во друг термин од редовниот. Во продолжение на ова, истакнато е дека друга професорка вработена во ДУЦОР при нејзино отсуство од земјата на проект во Рига, Латвија и Шпанија води евиденција во е-дневник како да не е отсутна и не наведува дека часовите ги обработила во термин кој е различен од редовниот, односно воопшто не ги обработува неодржаните часови.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 26.4.2024 година испрати Известување бр. 08-365/5 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

На ден 7.5.2024 година, подносителката на претставката за заштита од дискриминација достави дополнување на истата заведено под арх. бр. 08-365/6, во кое наведува дека во разговор со еден од претставниците на Народниот правобранител во врска со претставката која е поднесена против нејзе пред предметната институција, има дополнителни забелешки и барања во врска со односот за кој тврди дека не биле покажани професионализам и разбирање од страна на претставникот на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Народниот правобранител. Дополнително на ова, на ден 14.5.2024 година, од страна на подносителката на претставката беше доставено уште едно дополнување на истата архивирано под бр. 08-365/7, согласно кое имало покана за учество на семинар за професорите по англиски јазик, за кој подносителката тврди дека бил истакнат на огласната табла на училиштето дури по неговото одржување. Притоа, наведено е дека во консултација со педагогот, ѝ било посочено дека Оттука, во прилог на дополнувањето е доставен документ – емаил пратен до [redacted] во кој е испратена наведената покана на 28.3.2024 година.

Поради фактот што до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не пристигна поштенска испратница за уредна достава на Известувањето за произнесување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор, а со цел легитимно и целосно утврдување на фактичката состојба, Комисијата на ден 1.7.2024 година изврши увид во просториите на ДУЦОР „Партенија Зографски" – Скопје. Притоа, на увидот беа присутни [redacted], толкувачка вработена во училиштето – [redacted] При самиот увид, членката – известител на Комисијата накратко им ја соопшти целта на увидот и законските одредби содржани во Законот за спречување и заштита од дискриминација, а кои се однесуваат на неговото вршење. Притоа, до претставниците на училиштето беше доставена документација која се состоеше од копии од претставката за заштита од дискриминација бр. 08-365/1, доуредување на истата арх. бр. 08-365/4 и известување за произнесување бр. 08-365/5.

Во однос на наводите за фаворизирање на друга вработена при изборот за учество на Еразмус проектите и селективно информирање на вработените за истите, од страна на директорот на училиштето и двете вработени беше наведено дека пред избирањето на учесници, самите Еразмус проекти се дискутираат во поширок состав, при што крајниот избор го прави директорот, со образложение за кандидатот кој би бил избран како најсоодветен во секој конкретен случај. Оттука, во однос на наведената компараторка, истакнуваат дека била најсоодветна за тој конкретен Еразмус проект поради нејзиното познавање на AUTOCAD програмата, кое било потребно за тој проект.

Дополнително на ова, беше истакнато дека подносителката на претставката за заштита од дискриминација веќе 2 пати била учесничка во Еразмус проекти. Оттука, по нејзиното враќање од проектите одбила да направи дисеминација, поради што останатите колеги кои биле присутни на проектот ги завршиле таквите обврски, покривајќи го и нејзиниот дел. Во врска со конкретниот Еразмус проект, исто така беше истакнато дека подносителката одбила да учествува во дополнителните активности согласно проектот заедно со учесниците – гости.

Во однос на наводите за предметот кој се води против нејзе пред институцијата на Народниот правобранител, вработените наведуваат дека станува збор за претставка која е поднесена од страна на ученици во училиштето, при што истата била составена со помош на една од вработените толкувачки.

На крајот на увидот директорот повторно истакна дека ќе се произнесе писмено во законски определениот рок од 15 дена од денот на врачувањето на известувањето за произнесување.

Согласно претходно наведеното, на ден 11.7.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено писмено произнесување по наводите од претставката, заведено под арх. број 08-365/10.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Од страна на потенцијалниот дискриминатор, во писменото произнесување целосно се отфрлаат наводите за извршена дискриминација од претставката. Оттука, најпрво се осврнуваат на тоа дека подносителката на претставката воопшто не го образложува основот врз кој смета дека е дискриминирана. Повикувајќи се на наводите на подносителката во однос на попречувањето на нејзиниот професионален развој, реализацијата на самоиницијативни работилници, злоупотреба и неоправдано искористување на интелектуалниот труд и изземање од колективот, директорот на ДУЦОР смета дека во претставката не е наведено дека ваквите наводни дејствија се поради некаква дискриминација, при што тврдат дека подносителката нема припадност на некоја група поради која би била дискриминирана. Во врска со ова, истакнуваат дека доколку подносителката смета дека има некакви неправилности, таа требало да се обрати до другите надлежни органи како Државен инспекторат за труд, Државниот просветен инспекторат или Министерството за образование и наука.

Во однос на наводите на подносителката согласно кои директорот спроведувал активности кои не поттикнуваат партнерски однос на соработка помеѓу вработените преку неприфаќање на различностите, меѓучовечка нетолеранција и неповолна работна атмосфера, во одговорот на претставката ваквите наводи се отфрлени. Имено, во произнесувањето е истакнато дека покрај тимовите кои се одредуваат од страна на директорот, вработените во ДУЦОР се самоорганизираат во тимови на наставници и воспитувачи според потребата за реализација на конкретни активности кои бараат различно стручно знаење и вештини. Оттука, директорот наведува дека самоорганизирањето се покажало како добра пракса во работата на ДУЦОР. Во продолжение на ова, наведено е дека постои нетрпение и нетолеранција во поширокиот круг на вработени поради што од неколку поединци се појавувал облик на агресија од вербален и физички карактер, при што истакнува дека ваквата фактичка состојба е предизвикана од страна на „поединци блиски на подносителката“.

Како одговор на наводите од претставката дека директорот го попречува учеството на подносителката во креирањето и спроведувањето на активности од суштинско значење за реализација на воспитно образованиот процес, наведено е дека конкретната изјава на подносителката не е целосно јасна и истата не е образложена.

Во однос на наводите за необезбедување на еднакви услови во поглед на кариерата и професионалното насочување на подносителката, како и истакнатите наводи за вршење на маргинализација, директорот одговара како што следи: подносителката била вработена во ДУЦОР „Партенија Зографски“ во 2019 година со постапка за преземање од друго училиште, за кое таа имала поплаки за несоодветен третман, при што го завршила приправничкиот стаж во ДУЦОР во 2020 година, при што согласно ова фактичка состојба, во произнесувањето е истакнато дека истата маневрира со податоците дека 20 години е професорка. Во продолжение на ова, наведено е дека од нејзиното вработување, подносителката најмалку еднаш годишно била учесничка на проекти и настани надвор од Скопје и државата, при што како вакви се наведени следниве за кои се доставени и копии од налози за службено патување:

- три Еразмус+ проекти – 2021,2022 од кои подносителката двапати била испратена на престој во друга држава - Турција и Хрватска,
-две учества на „Дани дефектолога“ наменето за дефектолози (иако во Центарот има дефектолози) -Златибор и Врњачка Бања,
- АСТЕК Конференција во Белград, Конференција во Охрид, Манифестација во Словенија и др.

Како одговор на наводите дека директорот не го почитувал правото на еднаква награда, од страна на потенцијалниот дискриминатор е одговорено дека подносителката како вработена во ДУЦОР

доколку се јави потреба од преводи на англиски јазик за потребите на училиштето, на неколку наврати побарала сума за исплата, „користејќи ја својата ексклузивност наставник по англиски јазик како монопол". Во однос на останатите вработени, наведено е дека била исплатена исто во рамки на активностите како наставничка.

Во однос на тврдењето на подносителката дека директорот „делува спротивно на сите закони и одредби промовирајќи нееднаквост, психичко и сексуално вознемирување (мобинг), полова супериорност", во произнесувањето е наведено дека подносителката имала конфликти со останатите вработени во ДУЦОР на повеќе наврати, со тоа што истата имала практика да се претставува како жртва, да настапува со повишен тон, агресивен став и навлегување во личниот простор на соговорникот, дополнително на користењето на погрдни зборови. Дополнително на ова, истакнато е дека директорот добивал поплаки од голем број на вработени за нејзиното однесување. Во врска со претходно наведеното, во прилог на произнесувањето беше доставена и изјава од хигиеничарка вработена во ДУЦОР „Партенија Зографски", во која е наведено дека подносителката на претставката за заштита од дискриминација е дрска и вербално ги напаѓа останатите вработени, како и делот од вработените кои се грижат за хигиената на училиштето, упатувајќи им навредливи и потценувачки коментари. Притоа, директорот наведува дека подносителката поголем број на пати кон него гласно изговорила низа погрдни зборови, и тоа: „ѓубре, циган, не те признавам за директор, губи се", дополнително на што тврди дека при ваквите интеракции биле именувани членовите на неговото семејство. Во врска со ова, во произнесувањето е наведено дека подносителката демонстрирала несоодветно однесување, кое се состоело од „покажување среден прст и трескање врати низ ходниците, трескање по маси и сл.".

Како одговор на наводите дека директорот „не ги презема потребните мерки за заштита од дискриминација и сегрегација и напротив истите ги промовира и поддржува преку нееднаков третман на вработените т.е. маргинализирање на неистомисленици (непослушници) и фаворизирање на истомисленици (послушници)", во произнесувањето целосно се отфрлаат ваквите наводи за маргинализација, образложувајќи дека ваквото чувство кај подносителката е одраз на нејзиното незадоволство при прекумерните барања на кои не може секогаш да им се излезе во пресрет. Дополнително на ова, истакнато е дека подносителката и уште неколку вработени во ДУЦОР имаат неколегијален однос со поголемиот дел и остатокот на вработени, додавајќи дека забележаните конфликтни односи довеле до состојба да подносителката биде избегнувана и заобиколувана во секојдневната комуникација и спроведувањето на вонНаставните активности. Оттука, директорот на ДУЦОР наведува дека не се преземени никакви санкции кон т.н. „непослошници", како што се наведени во претставката за заштита од дискриминација, поради дејствијата на ненајавено напуштање на работното место во текот на работното време, силно трескање врати, гласно викање по ходници со несоодветен говор, насилна однесување кон колеги од различен ранг (вклучувајќи ги и хигиеничарките, и директорот на институцијата), несоодветно коментирање на приватноста на одредени вработени лица, за приватноста на родителите и учениците и останати дејствија.

1. Попречување на професионален развој – проект Шпанија

Во однос на посочениот пример за Еразмус+ проектот во Шпанија, во произнесувањето е наведено дека јавниот повик за истиот бил објавен за сите вработени вклучени во воспитно-образовниот процес со тоа што ваквиот јавен оглас бил објавен кумулативно и на огласната табла во Училишната зграда, и на огласната табла во Ученичкиот дом на ДУЦОР. Притоа, од расположливите 4 места за спроведување на оваа посета, биле пријавени петмина вработени во зададениот рок и со уредна документација. Оттука, наведено е дека биле избрани лица со над 3

годишен работен стаж во ДУЦОР, при што ниту еден од нив не е приправник, истакнувајќи дека еден од избраните кандидати бил со 24 годишен стаж на воспитувач, дополнително на тврдењето дека сите избрани кандидати го владеат англискиот јазик. Во продолжение на ова, наведено е дека подносителката на претставката за заштита од дискриминација, при нејзино претходно учество во Еразмус+ проект, не ги завршила сопствените обврски како што е дисеминација на нејзините учества, со што ставила повеќегодишни проекти во ризик, дополнително на што барала да ѝ биде исплатена дополнителна сума која не била предвидена со Еразмус+ проектите.

Во произнесувањето исто така се споменува и негативен однос на подносителката кон воспитниот кадар и помладите наставници и ставови со предрасуди за нивните способности, професионални знаења и вештини. Дополнително е истакнато дека подносителката ги следи финансиските трансакции на одредени вработени и истите ги објавува во поширокиот колектив за да се добие негативна конотација за направените трошоци односно дека лицата кои патувале добиле поголема сума на пари. Во врска со ова, во произнесувањето е наведено дека во периодот на поднесување на претставката четворицата учесници на наведениот Еразмус проект трошоците за својот престој во Шпанија си ги покриле од сопствени средства кои подоцна би им биле рефундирани од планираниот и одобрен буџет за проектот.

Во однос на вработената [redacted] која е наведена како компаратор, наведено е дека истата поради својата возраст и стручност најчесто била вклучувана во проектите каде условот за учество била возраст под 30 години, како и проекти од информатичката технологија и машинството што е нејзина стручност.

2. Попречување на професионален развој – проект Кипар

Како одговор на наведената точка од претставката за заштита од дискриминација, од страна на ДУЦОР наведуваат дека надворешна институција не ја предвидела подносителката за учество на наведениот проект поради неисполнување на предвидените услови кои се состоеле од познавање на знаковен јазик и интернационален знаковен јазик.

3. Попречување на реализација на самоиницијативни работилници

Во однос на оваа точка од претставката, во произнесувањето е наведено дека станува збор за произволна перцепција и субјективна интерпретација на настаните од страна на подносителката, со тоа што во периодот од јануари до март 2024 година, до директорот пристигнале низа поплаки од родители,, ученици и останати вработени лица во ДУЦОР, поради што директорот побарал детален план за самоиницијативните работилници кој не бил доставен од страна на подносителката. Во однос на претставата наведена во претставката, директорот истакнува дека не бил известен за споменатиот настан и неговото одржување, при што откажувањето на учеството на учениците требало да се пријави и да се интервенира навремено. Во однос на настанот „Запознајте ја Македонија“, наведено е дека истиот вил дел од посетата на учениците и наставниците од сродно училиште од Романија преку Еразмус+ проект. Истакнувајќи дека за настанот имало успешни подготовки, во произнесувањето се тврди дека подносителката [redacted] заедно со уште една вработена – [redacted] утрото пред настанот се однесувале нервозно и несоодветно кон неколку вработени, давајќи наредби и изјавувајќи дека директорот не го признавале за таков. Оттука, наведено е дека споменатиот настан не бил попречен, меѓутоа истиот вил засенет поради сериозно лоша здравствена состојба на ученик на кој му се слошило во текот на истиот, поради што и била повикана Брза помош.

4. Неоправдана злоупотреба на интелектуален труд

Во однос на истакнатите наводи во претставката, од страна на ДУЦОР наведуваат дека на подносителката била исплатена согласно планираниот и одобрен буџет за предметниот Еразмус проект за што била информирана и се согласила со учеството во истиот. Оттука, во произнесувањето е наведено дека 2 недели по ваквата исплата, подносителката побарала дополнителни суми за исплата кои не биле предвидени ни од Еразмус проектите, ниту од Министерството за образование.

Во продолжение на ова, наведено е дека и покрај фактот што подносителката на претставката за заштита од дискриминација не е дефектолог, на 2 наврати ѝ било овозможено да учествува на Денови на дефектолози поради нејзиниот пишан труд кој го споменува во претставката, за кој во произнесувањето е наведено дека истиот не е познат и достапен за колективот. Дополнително на ова, наведено е дека целиот колектив не бил запознаен со деталите за АСТЕК Конференцијата во Белград поради што не биле во можност да конкурираат со сопствени трудови.

5. Попречување на учество во Еразмус+ проекти

Како одговор на оваа точка од претставката за заштита од дискриминација, од страна на училиштето наведуваат дека целите на Еразмус се објавуваат на страната на Еразмус и се достапни секому во секое време. Оттука, истакнуваат дека лице кое посетувало обука и поседува сертификат за Еразмус проекти треба да го знае претходно наведеното.

6. Изземање од колективот

Во однос на наведената екскурзија по повод 8ми март – денот на жената, во произнесувањето е наведено дека истата била организирана од страна на Синдикатот на ДУЦОР, со тоа што сите вработени биле информирани и секој кој бил заинтересиран се пријавил за учество, вклучувајќи ги и лицата кои не се дел од Синдикалната организација. Оттука истакнуваат дека не се познати причините поради кои подносителката на претставката не се пријавила на екскурзијата.

Како одговор на истакнатите наводи за изземање од организираните обуки за знаковен јазик, од страна на ДУЦОР наведуваат дека курсеви за изучување на знаковен јазик не се организирале преку целата учебна година. Дополнително е образложено дека вработените лица кои чувствувале потреба за таква обука со години ги посетувале обуките во организација на Сојузот за глуви и наглуви на Македонија, наведувајќи дека еден од предавачите е и воспитувачка вработена во ДУЦОР која самоиницијативно им помага на колегите со дополнителна поддршка во нивниот напредок. Во продолжение е истакнато дека ДУЦОР-от е има пракса на давање поддршка на надворешни лица како што се родители и роднини на лицата со оштетен слух, образовни асистенти, лица кои го изгубиле слухот и останати, при што наведуваат дела подносителката на претставката никогаш не се обратила кај директорот или наведената воспитувачка за ваква потреба.

Во однос на наводите за неовозможување онлајн учество на наставничкиот совет, од страна на училиштето договараат дека по завршувањето на пандемијата, не се практикува наставничкиот совет и останатите слични работни средби да се организираат на онлајн платформа.

Во одговорот на претставката за заштита од дискриминација, од страна на ДУЦОР наведуваат дека големиот број на недоразбирања на подносителката кои прераснале во несакани појави укажуваат на неподготвеност за специфичните услови за работа и нецелосна контрола врз

сопственото однесување, при што директорот истакнува дека од наводите во претставката може да се забележи дека кон подносителката не се воспоставени никакви ограничувања, туку дека таа е лицето кои ги ограничува останатите вработени.

Во продолжение на произнесувањето се потврдува фактот дека подносителката го остварила приправничкиот стаж во ДУЦОР и веќе 4 години е во работен однос кој според претходно наведеното се карактеризира со низа потешкотии во комуникацијата со учениците и останатите вработени, при што наведено е дека истата во текот на изминатите 2 години истата учествувала во низа претставки со слична содржина до скоро сите државни институции (Државен инспекторат за труд, Народен правобранител, Државен просветен инспекторат и останати), изразувајќи го своето незадоволство за работењето на центарот, следствено на што биле создадени конфликтни релации со поголемиот број на вработени, ученици како и револт кај родителите на учениците.

Директорот укажува на тоа дека за време на неговиот работен однос во ДУЦОР, бил сведок на неколку наврати на самоиницијативна организација на учениците со барања за промена и корекција на одредени работи во склоп на воспитно-образовниот процес, особено иницирани од страна на учениците кои се слушна, но не и интелектуална попреченост, што честопати резултирало со промени во училиштето и домот. Оттука, во однос на претставката поднесена против подносителката [redacted] согласно која се води постапка пред Народниот правобранител, во произнесувањето е наведено дека писменото барање испратено од страна на Народниот правобранител кое е споменато во претставката за заштита од дискриминација е адресирано до директорот на ДУЦОР, во кое се бара адресатот да даде одговор на наводите и прашањата наведени во истото, а не лицето против кое ваквата претставка е поднесена – [redacted] Во врска со наведеното, во произнесувањето е истакнато дека во периодот од 2022 до 2024 година, учениците повеќекратно се обраќале до директорот со цел да се пожалат на односот и грубоста на подносителката на претставката за заштита од дискриминација, поради што на повеќе наврати ѝ било соопштено да изнајде начин да се намали негативното влијание од наведената ситуација. Притоа, истакнато е поради ваквиот несоодветен однос на подносителката, поголем број на учениците веќе подолго време не пројавувале интерес да ја посетуваат наставата кај подносителката. Оттука, за учениците кои се именувани во претставката е наведено дека од голем дел од наставниците не се забележани проблеми во однесувањето, дополнително на што истите добивале и пофални описи за нивното следење на наставата. Во однос на ова, од страна на училиштето ги отфрлаат наводите дека постојат одредени групи кои се привилегирани или фаворизирани од страна на вработените во училиштето, образложувајќи дека секој ученик е опфатен во широката лепеза на активности кои се реализираат во склоп на ДУЦОР. Во продолжени е на ова, во однос на изборот на ученици за организирани активности, наведено е дека при ваквиот избор се земаат во предвид низа фактори кои влијаат на самата активност и можноста за учениците да учествуваат во истата. На пример, доколку станува збор за активности при кои се потребни повеќедневни престои надвор од дома, особено се води предвид за можноста и оспособеноста на учениците за истото, доколку станува збор за патувања надвор од државата, се води сметка за важноста на патните исправи кои учениците ги поседуваат и.т.н.

Во однос на соработката на ДУЦОР со Народниот правобранител, во произнесувањето е наведено како што следи: „Соработката започна по основ на „анонимна" претставка дека учениците се загрозени и во лоша состојба – претставка која истата екипа ја поднесе (дури и дел од текстот е идентичен со оваа претставка до вас). По ненајавениот увид и контрола во училиштето и ученичкиот дом од страна на Народниот Правобранител констатирано е дека наводите не одговараат со реалната состојба која ја начекале кај нас при увидот. Се одржа повеќечасовна едукативна работилница со Народниот Правобранител и учениците со цел да им се објасни Конвенцијата за правата на детето и да им се приближи функцијата на Народниот Правобранител

до учениците и постапувањето по претставки. Соработката се збогати со изработка на видео запис на знаковен јазик на Конвенцијата за правата на детето во која учествуваа самите ученици и наставно воспитен кадар која е достапна за јавноста.“

На крајот на произнесувањето по наводите од претставката за заштита од дискриминација, наведено е дека иако неколкуте претставки кои се поднесени до државни институции, вклучувајќи ја и таа која е поднесена пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се против директорот на ДУЦОР, се добива претстава дека и воспитувачката [redacted] е предмет на дискредитирање со низа на индиректни наводи извадени од контекст. Поради претходно наведеното, во произнесувањето се истакнува дека наведеното лице е вработено во ДУЦОР веќе 28 години на работно место воспитувачка со низа успешни признанија зад себе.

Во прилог на произнесувањето беше доставена и следната документација:

- Мотивациско писмо за учество на вработената [redacted] испратено на 20.3.2024 година;
- Мотивациско писмо за учество на вработениот [redacted] испратено на 18.3.2024 година;
- Повик за пријавување за учество за проект во мобилност во Еразмус+ проект 2022-1-МК01-КА121-VET-000066117 бр. 03-133/1 од 15.3.2024 година;
- Мотивациско писмо за учество на вработената [redacted] испратено на 22.3.2024 година;
- Мотивациско писмо за учество на вработената [redacted] испратено на 18.3.2024 година;
- Налог за службено патување од 7.2.2023 до 19.2.2023 година на подносителката [redacted] за учество на меѓународен симпозиум „Дани дефектолога“ 2023 година, бр. 9/23;
- Налог за службено патување од 28.5.2023 до 2.6.2023 година на подносителката [redacted] за учество на меѓународен фестивал „Играј се з мано“ во Нова Горица, Словенија, бр. 54/23;
- Налог за службено патување на 2.11.2023 година на подносителката [redacted] за учество на меѓународен семинар „АСТЕК“ 2023 година во Белград, бр. 97/23;
- Налог за службено патување на 11.11.2023 година на подносителката [redacted] за учество на симпозиум „Ефектите од реформите на инклузивното образование“ во Охрид, бр. 106/23;
- Налог за службено патување од 29.11.2023 до 2.12.2023 година на подносителката [redacted] за учество на состанок на работна група на Eurocareers, бр. 114/23;
- Налог за службено патување од 8.2.2024 до 11.2.2024 година на подносителката [redacted] за учество на конференцијата „Денови на дефектолози“ во Врњачка Бања, бр. 7/24;
- Решение за исплата на парични средства за учество на Еразмус+ проект бр. 03-159/1 од 27.4.2023 година;
- Изјава од хигиеничарка вработена во ДУЦОР „Партенија Зографски“ за несоодветно однесување на подносителката на претставката за заштита од дискриминација;
- Признаници за авиобилети издадени од Avioturs за вработените [redacted] од 28.4.2024 година;
- Листа на видео записи снимени во склоп на ДУЦОР „Партенија Зографски“ во врска со едукација и останати активности на знаковен јазик.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на директорот на ДУЦОР „Партенија Зографски" Скопје – [redacted], согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз основ на образованието на подносителката на претставката за заштита од дискриминација. Имено, подносителката не докажа каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа со дејствијата и околности опишани во претставката кои ги сочинуваат наводите за сторена дискриминација. Земајќи ги во предвид сите прибавени докази со цел правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди како што следи во образложението на ова мислење. Во однос на наводите на подносителката дека директорот на ДУЦОР промовира нееднаквост, психичко и сексуално вознемирување и полова супериорност, истите не беа поткрепени со докази при што подносителката не успеа да го докаже предметното тврдење, додека од страна на потенцијалниот дискриминатор беа прибавени докази согласно кои на вработените им е овозможено еднакво учество во Еразмус+ проектите, училишните и вонредните активности кои се организираат преку ДУЦОР, дополнително на тоа што раководниот кадар на „Партенија Зографски" ги организира и избира учесниците за истите на еднаква основа, запазувајќи ја и правичната застапеност и на вработените од наставниот кадар, како и на вработените воспитувачи во домот, што може да се воочи од разновидниот состав на учесници на неколкуте наведени проекти, конференции, симпозиуми и останато. Во однос на наводите на подносителката дека ѝ е попречено учество на наведени Еразмус+ проекти, од страна на директорот и ДУЦОР беше образложено дека учесниците се бираат согласно соодветноста на нивното образование и струка, поради што на различни Еразмус+ проекти учествувале различни вработени, дополнително на што во произнесувањето по наводите од претставката се доставени докази во форма на налози за одобрени службени патувања на подносителката, повеќето од кои се повеќедневни престои во странство за проекти и активности поврзани со работата на ДУЦОР „Партенија Зографски". Дополнително на ова, во однос на делот од наводите во претставката за заштита од дискриминација во кој е истакнато дека подносителката не била исплатена исто како и други вработени кои учествувале на еден од наведените Еразмус+ проекти, од доказите прибавени во склоп на произнесувањето и листата со исплатени износи, може да се воочи дека на различни вработени им се исплатени различни износи, при што и покрај фактот што постојат износи кои се од поголема вредност од оној кој ѝ бил исплатен на подносителката, Комисијата воочи и дека на неколкумина вработени им се исплатени и двојно пониски износи од оние на подносителката согласно што истата не е ставена во понеповолна положба, односно не е дискриминирана врз основа на нејзиното образование како што наведува во самата претставка за заштита од дискриминација.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основ на образование во областа на работата и работните односи од страна на [redacted]

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
30.8.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
-

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk